# КАТАЛОГ НА АКРЕДИТИРАНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА

НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ
ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Скопје, 2022 година

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# КАТАЛОГ НА АКРЕДИТИРАНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА

## на стручните соработници во основните училишта

Скопје, 2022 година

## АКРЕДИТИРАНИ ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА СПОРЕД ПОДРАЧЈА НА КОМПЕТЕНЦИИ:


| | | |
|---|---|---|
| **I** | **РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ** | **6** |
| | **Професионална и кариерна ориентација на учениците** | **7** |
| **ПРОГРАМА 1** | Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој. | **7** |
| **II** | **Работа со наставниците** | **12** |
| | **Поддршка на наставниците во работата со учениците** | **13** |
| **ПРОГРАМА 2** | Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо - емоционална клима на час. | **13** |
| **III** | **Работа со родителите** | **16** |
| | **Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето** | **18** |
| **ПРОГРАМА 3** | Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и сл. | **18** |
| **IV** | **Соработка со заедницата** | **23** |
| | **Соработка со стручни институции и организации** | |
| **ПРОГРАМА 4** | Инклузивно образование во пракса. | **23** |

I

# РАБОТА СО УЧЕНИЦИТЕ

| ПРОГРАМА (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ) 1 | Наслов на програмата за обука: | **Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој** |
|---|---|---|
| **Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој** | **Изведувач на обуката:** | Друштво за производство, трговија и услуги ОЗ ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа, 1 ден** |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **I. Работа со учениците - професионална и кариерна ориентација на учениците** |
| Очекувани резултати | 1. Обучени стручни соработници за креирање училишна клима и култура која поддржува професионална ориентација и кариерно советување во основното училиште.<br>2. Обучени стручни соработници за самостојно применување на сет прашалници за самопроценка на учениците во основното училиште.<br>3. Обучени стручни соработници за дизајнирање модели на информирање и менторска поддршка при донесувањето одлуки на учениците во основното училиште.<br>4. Обучени стручни соработници за планирање модели на вклучување на децата со потешкотии и родителите во процесот на професионална ориентација и кариерно советување во основното училиште. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 1:**<br>**Креирање училишна клима и култура за професионална ориентација и кариерно советување на учениците**<br>**1.1.** Професионалната ориентација во основните училишта – Што е професионална ориентација и кариерно советување? Структурни и развојни теории и пристапи.<br>**1.2.** Фази во планирање на кариера кај децата − основни фази на развојно кариерно планирање прилагодено на зрелоста/возраста на учениците.<br>**1.3.** Пристапи за воведување на професионалната ориентација и кариерното советување на учениците – креирање реално остварлива училишна програма за професионална ориентација и советување за кариерен развој.<br><br>**Тема 2:**<br>**Користење алатки за самоспознавање и советување за кариерен развој**<br>**2.1.** Теориски осврт на самоспознавањето − основни аспекти и придобивки од примената на алатките за самопроценка како дел од процесот на професионална ориентација.<br>**1.2.** Практична примена на сет прашалници за самопроценка − реализација на работилница за начинот на задавање, пополнување и толкување на прашалниците.<br>**1.3.** Примена на методологија за информирање на учениците за резултатите од прашалниците − вежби во парови, со примена на елементи на кариерно советување.<br><br>**Тема 3:**<br>**Информации за занимања, кариера и образовни патеки како основа за донесување одлуки**<br>**3.1.** Креирање идеи и планирање на реални средби на учениците со светот на занимањата − достапност до информации поврзани со занимањата за да се обезбеди информиран избор на занимања.<br>**1.2.** Креирање идеи и истражување на образовни патеки − истражување опции во врска со училиштата што водат до посакуваното занимање во РС Македонија.<br>**1.3.** Практична примена на активна методологија во фазата на донесување одлуки − реализација на работилница со модели за донесување одлуки.<br>**1.4.** Дискусија за клучни принципи кои стручните соработници треба да ги применуваат во фазата на донесување одлуки − анализа и дискусија за придобивките од работилницата.<br><br>**Тема 4:**<br>**Интегриран пристап на професионалната ориентација и кариерното советување во основното училиште**<br>**–** Професионална ориентација за учениците со потешкотии во учењето приспособување на содржини и методи на работа при вклучување на учениците со потешкотии во активностите за професионална ориентација.<br>**1.2.** Родителите во процесот на професионална ориентација и кариерно советување на учениците − подготовка на работилница со која стручните соработници ќе ги подготват родителите за поддршка на нивните деца во процесот на професионална ориентација. |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| Време | Агенда на обуката |
|---|---|
| | **Сесија 1: 120 минути** |
| **08:30 – 08:50** | Воведна вежба: Ние сме група. |
| **08:50 – 09:20** | Презентација: Теории на професионална ориентација и кариерно советување. |
| **09:20 – 09:50** | Искуствена анализа: Фази на планирање на кариера кај децата. |
| **09:50 – 10:30** | Вежба: Креирање училишна програма за воведување на професионална ориентација и кариерно советување на учениците. |
| | **Сесија 2: 120 минути** |
| **10:30 – 10:40** | Вовед во темата Користење алатки за самоспознавање и советување за кариерен развој. |
| **10:40 – 10:50** | **Работилница 1: Кој сум јас?**<br>Мотивирачка активност: **Автопортрет.** |
| **10:50 – 11:10** | Презентација: Теориски осврт на самоспознавањето. |
| **11:10 – 11:50** | Вежба: Користење прашалници за самопроценка. |
| **11:50 – 12:30** | Вежба: Информирање на учениците за резултатите од прашалниците. |
| **12:30 – 13:00** | Пауза за ручек. |
| | **Сесија 3: 120 минути** |
| **13:00 – 13:15** | Вовед во темата Информации за занимања, кариера и образовни патеки како основа за донесување одлуки. |
| **13:15 – 13:45** | **Работилница 2: Мапа на занимања.**<br>Вежба: Вештини за истражување. |
| **13:45 – 14:00** | Вежба: Низ светот на занимањата – **истражувачка активност** |
| **14:00 – 14:30** | **Работилница 3: Образовни патеки.**<br>Вежба: Водич низ училиштата. |
| **14:30 – 14:40** | Презентација за практична примена на вештини за донесување информирани одлуки. |
| **14:40 – 15:00** | Вежба: Како до информирани одлуки? |
| **15.00 – 15:15** | Пауза за кафе. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| | **Сесија 4: 120 минути** |
| **15:15 – 15:30** | Вовед во темата **Интегриран пристап на професионалната ориентација и кариерното советување.** |
| **15:30 – 15:45** | Дискусија – вклучување на учениците со потешкотии во учењето во процесот на професионална ориентација. |
| **15:45 – 16:05** | **Вежба:** Анализа на добри практики за вклучување на учениците со потешкотии во процесот на професионална ориентација. |
| **16:05 – 16:25** | **Презентација:** Улогата на родителите во процесот на професионална ориентација и кариерно советување. |
| **16:25 – 16:50** | **Вежба:** Планирање на работилница за родители. |
| **16:50 – 17:05** | Финални заклучоци. |
| **17:05 – 17:15** | Евалуација на обуката (задоволство на учесниците). |
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето се следниве:<br>– стручните соработници ќе креираат училишна програма за професионална ориентација и кариерен развој на сите ученици;<br>– стручните соработници ќе користат сет прашалници во фазата самоспознавање на учениците како дел од процесот на професионална ориентација;<br>– стручните соработници ќе му пренесат резултати од прашалникот на ученикот со користење менторски пристап;<br>– стручните соработници ќе обезбедат достапност до информации за занимања и образовни патеки со цел информиран избор на занимања при донесувањето одлуки од страна на учениците;<br>– стручните соработници ќе користат менторски пристап на поддршка при донесувањето одлуки од страна на учениците;<br>– стручните соработници ќе приспособат можности за вклучување на учениците со потешкотии во учењето во процесот на професионална ориентација и кариерно советување;<br>– стручните соработници ќе планираат реализација на работилници за родители со цел вклучување во процесот на професионална ориентација и кариерно советување. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | Изборот на занимање е една од најважните одлуки на секој човек, бидејќи најголемиот дел од животот го поминува во образование за работа и професионална работа. Спонтаниот и избрзан избор на занимање кај ученикот може да има негативни последици, како што се: незадоволство од школувањето, незадоволство од работата, лоши можности за вработување и слично. Оттука, сметаме дека на секој ученик му е неопходна помош од обучен стручен соработник за да ги препознае сопствените афинитети за учење и работа за да ја определи вистинската професија. Програмата за обука за **Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој** е дизајнирана да ги оспособи стручните соработници да заземат клучна улога во советување на учениците при изборот на занимање според нивните знаења, вештини, способности, особини, услови итн.<br>Воведувањето на оваа програма во основните училишта ќе биде првиот чекор во професионалниот развој на учениците од основно училиште со поддршка на обучени стручни соработници.<br>**По завршувањето на обуката во период од еден месец преку онлајн платформа учесниците наставници ќе добиваат поддршка и помош од страна на обучувачите. Со обезбедената поддршка континуирано ќе им се даваат дополнителни насоки на учесниците за правилно да ги практикуваат стекнатите знаења. Тие ќе можат да добиваат одговори на поставени прашања, да се консултираат за одредени содржини, да разменуваат искуства од реализирани активности во училиштата поврзани со обуката и др.** |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу пет (5) одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| План за личен и професионален развој | Наставници од ООУ „Димитар Миладинов“ | 45 | 2022 |
| Справување со врсничко насилство и булинг | Наставници од ООУ „Димитар Миладинов“ | 20 | 2022 |
| Животна средина и екологија – екоучилница | Наставници од СУГС „Марија Кири-Склодовска“ | 30 | 2021 |
| Градење на тимови | Наставници од СУГС „Марија Кири-Склодовска“ | 30 | 2021 |
| Развивање на критичко мислење кај учениците | Наставници од СУГС „Марија Кири-Склодовска“ | 30 | 2021 |

II

# РАБОТА СО НАСТАВНИЦИТЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРОГРАМА** (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ) | **2** | **Наслов на програмата за обука:** | **Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час** |
| **Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час** | | **Изведувач на обуката:** | Универзитет во Тетово |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **8 часа, 1 ден** |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **II. Работа со наставниците - роддршка на наставниците во работата со учениците**<br><br>***Лична и социјална компетенција*** |
| Очекувани резултати | **Тема 1:**<br>**Социјални вештини**<br>**Резултати од учењето од обуката на тема Социјални вештини** Стручните соработници, односно нивните училишта ќе бидат способни да им овозможат на наставниците и учениците:<br>– да умеат да даваат конструктивна повратна информација;<br>– да препознаваат кои се начините на саботирање на тимската работа;<br>– да соработуваат со другите за постигнување на заеднички цели;<br>– да умеат да поставаат граници и цели за себе.<br><br>**Тема 2:**<br>**Самодоверба**<br>**Резултати од учењето од обуката на тема Самодоверба** Стручните соработници, односно нивните училишта ќе бидат способни да им овозможат на наставниците и учениците:<br>- да ги идентификуваат и да ги ценат добрите работи во својот живот;<br>- да планираат како да ги користат своите јаки страни;<br>- да умеат да го зголемат оптимизмот и расположението.<br><br>**Тема 3:**<br>**Справување со проблематично однесување**<br>**Очекувани резултати** во рамки на оваа тема се: учесниците да се запознаат со карактеристиките на справување со проблематичното однесување преку техниките на советодавната воспитна работа и педагошкото водење, нивните специфичности, процеси и фази, како и сличностите и разликите меѓу нив. |

| | |
|---|---|
| | **Тема 4:**<br>**Создавање на позитивна социоемоционална клима на час**<br>**Очекувани резултати** во рамки на оваа тема се: стручните соработници од основните училишта да се запознаат со компонентите на социоемоционалната клима на часот, карактеристиките на современите стилови на водење на одделението, како и со фактот дека социоемоционалната клима на часот се појавува како фактор кој го објаснува останатиот дел од образовните постигања. |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Тема 1:**<br>**Развој на социјални вештини**<br>Социјалните вештини се компетенции кои ја олеснуваат интеракцијата во сите околности. Значајни се за младите кога се во интеракција со врсниците, но и со сите значајни луѓе за нив.<br>Тие се мешавина од повеќе вештини, интерперсонални вештини, интраперсонални вештини и комуникациски вештини. Истражувањата покажуваат позитивна поврзаност на социјалните вештини и самодовербата, односно колку повеќе луѓето се социјално вешти, толку се со поголема позитивна слика за себе.<br>**Тема 2:**<br>**Самодоверба**<br>Самодовербата претставува општа слика за себеси, чувство за сопствените способности и ограничувања, вреднување на сопствените вредности и општата добросостојба.<br>Кога луѓето имаат позитивна самодоверба се чувствуваат добро и чувствуваат дека заслужуваат почит од другите. Ценењето на работите колку да се големи или мали придонесува да се зголеми самодовербата и среќата. Користењето на јаките страни кај поединци, а особено кај младите, придонесува да се развие самодовербата и да се помалку подложни на стрес.<br>**Тема 3:**<br>**Справување со проблематично однесување**<br>Справувањето со проблематичното однесување на учениците бара знаења, вештини, волја и трпение. Проблемите во однесувањето на учениците може да бидат со различен степен на тежина и сериозност. Некои од нив се секојдневни, ситни проблеми, но доколку ученикот го повторува проблематичното однесување, тоа е знак дека се работи за посериозен проблем, кој е посложен за решавање и за кој треба да се ангажира и педагошката служба. Тоа значи дека ангажманот треба да се однесува на запознавање на личноста на ученикот и неговиот социоемоционален живот со цел да се откријат причините за проблематичното однесување.<br>За таа цел може да се применат две техники:<br>1. **Советодавна воспитна работа.**<br>2. **Педагошко водење.**<br>**Тема 4:**<br>**Создавање на позитивна социоемоционална клима на час**<br>Во секојдневната училишна пракса можеме да ја воочиме сложеноста на воспитно-образовниот процес кој се одвива на две нивоа: видлива, пропишана, интенционална, формална (која е педагошки водена и контролирана) и невидлива, неформална, скриена страна, чии манифестации нè изненадуваат дури кога ќе се случат. |

| | |
|---|---|
| | Резултатите од досегашните истражувања ни покажуваат дека по интелигенцијата и предзнаењата, социоемоционалната клима на часот се појавува како фактор кој го објаснува останатиот дел од образовните постигања. Мерките на социоемоционалната клима на часот се поблиски до мерките за мотивацијата отколку до мерките за способностите и постигањата. Тие ги опфаќаат проценките на психолошката, поточно на емоционалната и социолошката состојба на одделението. Всушност, терминот социоемоционална клима се однесува на доминантниот квалитет на интерперсоналните односи во одделението, т.е. меѓу наставникот и неговите ученици и меѓу учениците. |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

### Агенда на обуката

| | |
|---|---|
| | **Сесија 1: 120 минути** |
| **10:00 – 12:00** | **Тема 1: Развој на социјални вештини** |
| **12:00 – 12:15** | Кафе-пауза |
| | **Сесија 2: 120 минути** |
| **12:15 – 14:15** | **Тема 2: Самодоверба** |
| **14:15 – 15:00** | Пауза за ручек |
| | **Сесија 3: 120 минути** |
| **15:00 – 17:00** | **Тема 3: Справување со проблематично однесување** |
| **17: 00 – 17:15** | Кафе-пауза |
| | **Сесија 4: 120 минути** |
| **17:15 – 19:15** | **Тема 4: Создавање на позитивна социоемоционална клима на час** |

| | |
|---|---|
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | Се очекува учесниците во обуката да ги применат стекнатите знаења во унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес во училиштата, да ги искористат стекнатите знаења за развој на социјалните вештини и самодовербата кај учениците, како и за справување со проблематичното однесување и создавање на позитивна социоемоционална клима во училиштето. Од стручните соработници се очекува да извршат дисеминација/пренесување на стекнатите знаења на колегите одделенски и предметни наставници. |
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | / |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу пет (5) одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/стручни соработници | 32 | 2022 |
| Примена на статистички методи во истражувања | Наставници од сите циклуси на студии | 40 | 2019 |
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/стручни соработници | 37 | 2018 |

# III

# РАБОТА СО РОДИТЕЛИТЕ

| **ПРОГРАМА** (НАСТАВНИЦИ) | **3** | **Наслов на програмата за обука:** | **Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично** |
|---|---|---|---|
| **Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично** | | **Изведувач на обуката:** | Друштво за консалтинг и интелектуални услуги ГСИ КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **осум (8) часа, еден (1) ден** |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Подрачје на компетенции | **III. Работа со родителите - вклучување на родителите во животот и работата на училиштето**<br><br>Образовниот систем, односно училиштата претставуваат исклучително важен дел во процесот на препознавање и пријавување на случаите на насилство, злоупотреба и занемарување на децата. Училиштата се институции чија основна дејност е воспитување и образование каде што освен наставен кадар има и стручни соработници со професионални компетенции, капацитет и механизам (преку нивна вклученост во тимовите за заштита на децата од насилство) да извршат рано откривање на насилство врз децата, да ги препознаат ризиците од насилство, злоупотреба и занемарување, да пријават и да препратат со цел спречување на различните видови насилство. |
| Очекувани резултати (за што ќе бидат обучени учесниците) | Насилство во училиште значи појава на насилно однесување кое се случило додека детето е во училиште и е под надзор на наставниот кадар, каде било, во која било форма на наставна и вонннаставна активност (час, практична настава, екскурзија и др.) и при превоз, ако превозот за учениците е организиран од училиштето, без разлика кој е сторителот на насилството. Насилството во училиштата подразбира некои видови односи, како што се: насилно однесување на еден ученик/ученичка кон друго дете, насилно однесување на една група кон друга група ученици, насилно однесување на ученик/ученичка кон училишниот персонал, како и на училишниот персонал кон ученик/ученичка. Насилството во училиштата може да се одреди како појава која се однесува на врсничка интеракција помеѓу децата, интеракција на возрасен кон дете, како и помеѓу возрасни. Во суштина, се работи за насилен однос кој се случува во училишниот живот.<br>Во рамки на оваа обука стручните соработници ќе се стекнат со темелни знаења за насилството во современото општество со цел да можат да ги препознаат современите облици на насилство, да развијат интерес и способност за негово научно истражување, како и да стекнат сознанија за негово превенирање и сузбивање. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| | Дополнително, во работата со учениците во иднина ќе можат:<br>– заеднички да го дефинираат насилното однесување за да може да се оствари дијалог за креирање на превентивни активности и активности за справување со насилното однесување;<br>– да воспостават политика, процедури и механизми за превенција и справување со кибернасилството;<br>– да развиваат политики, процедури и протоколи за превенција и справување со насилното однесување;<br>– да ја отворат темата за родово основаното насилство, сексуалното вознемирување и злоупотреба кои сè уште се табу-тема;<br>– да промовираат знаење и вештини за ненасилство;<br>– да спроведуваат активности и програми за запознавање и почитување на различностите, соработка и заеднички активности меѓу учениците од различни групи. |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Вовед во програмата**<br>Училиштето треба да формира тим за заштита на децата од насилство кој се грижи за безбедност и заштита на учениците од насилство. Во соработка со другите вработени во училиштето, родителите, учениците и локалната заедница, тимот обезбедува примена на гореспоменатите протоколи. Тимот за заштита од насилство треба да го сочинуваат вработените во установата: директор, стручни соработници (педагог, психолог, дефектолог, социјален работник) или одделенски наставници, како и наставници од предметната настава. Тимот треба да биде составен од 3 до 5 члена, а нивниот состав секоја година се ревидира, со можност за промена на одредени членови. При промената на членовите на тимот, потребно е секогаш да останат членови од претходниот состав заради обезбедување соодветен континуитет во работата.<br>**Препознавање на насилството**<br>Неопходно е навремено да се интервенира при сите облици на насилство за децата да се чувствуваат сигурни и безбедни во училиштата. Интервенцијата се однесува на соодветна реакција од училишните служби во ситуации кога има сомнение или се случило насилство, злоупотреба или занемарување. Целта на интервенцијата, пред сè, е да се запре насилството и злоупотребата, да му се обезбеди сигурност на детето, да се намали ризикот од повторување на насилството и да се ублажат и отстранат последиците од него.<br>**Карактеристики на жртва/насилник**<br>Утврдување на профилот на насилникот и на жртвата и работа на потребата од дистрибуција на моќ. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Превенција од насилство**<br><br>Превенцијата од насилството во училиштата претставува збир на мерки и активности кои имаат за цел создавање безбедно, сигурно и заштитено опкружување, развивање и негување на атмосфера на соработка, почитување на различностите, конструктивна комуникација и следење на одредени правила на однесување во рамки на воспитно-образовните активности, развивање на вештини за препознавање и ефикасно реагирање во ситуации на насилство.<br><br>**Соработка на училиштето и семејството**<br><br>Ако училиштето има сознание или сомнение за тешки облици на насилство и ако насилството над детето/ученикот се случува надвор од установата (во семејството или опкружувањето) или од страна на возрасна личност, задолжително се вклучуваат други институции (полиција, центар за социјални работи, здравствени установи). Само со поврзување на сите системи за заштита на децата ќе се овозможи ефикасно решавање на проблемите и ублажување на последиците. Начините и облиците на соработка на сите овие системи се дефинирани со Заедничкиот протокол за постапување во случај на семејно насилство, Заедничкиот протокол за постапување во случаи на злоупотреба и занемарување на деца, како и во Нацрт-протоколот за постапување на меѓусекторски тимови кои работат со деца жртви на насилство. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| | Агенда на обуката |
| | **СЕСИЈА 1** |
| **08:30 – 10:30** | Вовед во програмата |
| | **СЕСИЈА 2** |
| **10:30 – 12:30** | Препознавање на насилството |
| **12:30 – 13:00** | Пауза за ручек |
| | **СЕСИЈА 3** |
| **13:00 – 15:00** | Карактеристики на жртва / насилник |
| **15:00 – 15:15** | Пауза |
| | **СЕСИЈА 4** |
| **15:15 – 17:15** | Превенција од насилство и соработка на училиштето со родителите |
| **17:15 – 17:30** | Прашања, коментари и евалуација |
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

| | |
|---|---|
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | Преку оваа обука стручните соработници ќе се обучат за заемно ангажирање. Со други зборови, преку соработка и споделено учество да ги вклучат родителите и учениците во образовниот процес.<br>Инклузивното образование се однесува на олеснување на процесите на учење и учество и создавање средини што ги помагаат. Поради тоа, клучно е стручните соработници да умеат да ги поддржат учениците да станат заедница за учење. |
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | Н/П |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу 5 одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| Емоционална писменост и Справување со насилството во училиште | Наставници од основни училишта и стручни соработници | 40 учесници | 2022 година |
| Проект за обука и менторство на лица со попреченост за угостителски вештини | Наставници и стручни соработници од ДСУ „Наум Охридски“ | 20 учесници | 2019 година |
| Обука за професионално усовршување | Група студенти и професори од универзитет | 30 учесници | 2021 – 2022 година |
| Обука и советување за претприемништво | Млади лица до 29 години | над 900 учесници | 2017 година |
| Сметководствен службеник во банкарски сектор | Невработени лица | 47 учесници | 2018 година |

# IV

# СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

| ПРОГРАМА (НАСТАВНИЦИ) 4 | Наслов на програмата за обука: | **Инклузивно образование во пракса** |
|---|---|---|
| **Инклузивно образование во пракса** | **Изведувач на обуката:** | Друштвозаконсалтингиинтелектуални услуги ГСИ КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
| **КАТАЛОГ-ВЕРЗИЈА** | **Времетраење на обуката (во часови и денови):** | **осум (8) часа, еден (1) ден** |

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА

Подрачје на компетенции

**IV. Соработка со заедницата - соработка со стручни институции и организации**

Децениите пракса на сегрегација направија да се очигледни сериозните последици од разделеното образование на децата. Училишната сегрегација не само што ги дискриминира децата и го повредува нивното право на образование на еднаква основа со другите туку и ги намалува можностите да стекнат суштествени животни вештини преку контакт со другите. Таа е, често, прв чекор во животниот пат обележан со сегрегација. Понатаму, покрај тоа што добиваат образование што е често со понизок квалитет, учениците запишани во специјално образование обично не добиваат признаена диплома на крајот на нивната училишна кариера. Сегрегацијата јасно ги поткопува идните можности за работно место и плата на многу деца и млади. За најпривилегираните деца и децата од мнозинството од населението, сегрегацијата, исто така, води до намалени можности да стекнат важни социјални и животни вештини како резултат на немањето интеракција со децата со поинакво етничко или културно потекло или со децата со попреченост.

Со воведувањето на концептот на инклузивно образование, како и со оваа обука, стручните соработници:

- ќе се оспособат за формирање на заедница за инклузивно учење во рамките на просторот за обука;
- ќе направат заемна анализа на состојбата: од каде доаѓате;
- ќе ги разјаснат очекувањата (каде одите) и ќе се обезбеди мотивација;
- ќе го разјаснат разбирањето и ќе создадат првична дефиниција за „инклузивно образование“;
- ќе ја разберат улогата на стручниот соработник.

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Очекувани резултати (за што ќе бидат обучени учесниците) | Обуката ќе придонесе вработените во училиштето подобро да ја разберат инклузијата и ќе им помогне во создавање добар систем за поддршка на учениците со ПОП (Посебни образовни потреби) и во создавање инклузивна училишна култура.<br>Обуката, исто така, ќе помогне и при самоевалуација и промоција на инклузивноста на училиштето. |
| Теми и кус опис на содржините за секоја тема | **Опфат и вклученост на учениците**<br>Првата сесија обезбедува преглед на инклузивното образование, со фокус на наставниците и другите професионалци кои работат во формалната образовна средина. Го гледа влијанието на личностите и системите врз процесите на инклузија и исклучување во рамки на пристапот заснован на права.<br>**Планирање на воспитно-образовна работа**<br>• Размислување за училиштата како институции и нивното влијание врз поединците.<br>• Воведување матрица за соединување на трите нивоа на системот и процесите.<br>• Воведување на концептите на „пристап“, „учество“ и „постигнување“ со цел да се нагласи значењето на размислување за индикаторите за влез, процес и резултат од инклузивно образование.<br>**Поддршка на наставата и учењето**<br>• Разбирање на предрасудите во групата и надвор од групата (фаворизирање во групата) и како тоа се поврзува со етикетирањето.<br>• Запознавање со најважните димензии на различноста.<br>• Разбирање на циклусот на обесправување. Нацртајте го вашиот циклус на зајакнување!<br>• Значењето на човековите права за вреднување на различноста на учениците.<br>• Размислување за начините на кои ова знаење може да биде значајно за вашето училиште.<br>**Опфат и вклученост на учениците**<br>• Нагласување на одговорноста на училиштата за создавање средини што ги почитуваат правата на децата.<br>• Размислување за активностите на наставникот што ги зајакнуваат децата и семејствата.<br>• Размислување за сопствената училишна средина.<br>**Анализа и евалуација на инклузивноста**<br>• Разбирање на значењето на професионалниот развој за инклузивно образование.<br>• Запознавање со дефиницијата на компетенциите на наставникот за инклузија.<br>• Подигнување на свеста за предрасудите што влијаат врз нашите дејства.<br>• Познавање на некои од разликите меѓу наставниците почетници, искусните наставници и наставниците ментори. Креирајте ја вашата визија за инклузивен наставник! |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| | Агенда на обуката |
| | **СЕСИЈА 1** |
| **08:30 – 10:30** | **Опфат и вклученост на учениците** |
| | **СЕСИЈА 2** |
| **10:30 – 12:30** | **Планирање на воспитно образовна работа** |
| **12:30 – 13:00** | Пауза |
| | **СЕСИЈА 3** |
| **13:00 – 14:15** | **Поддршка на настава и учење** |
| | **СЕСИЈА 4** |
| **14:15 – 15:30** | **Опфат и вклученост на учениците** |
| **15:30 – 15:45** | Пауза |
| | **СЕСИЈА 5** |
| **15:45 – 17:15** | **Анализа и евалуација на инклузивноста** |
| **17:15 – 17:30** | **Прашања, коментари и евалуација** |
| Јазик на кој се реализира обуката | Македонски јазик/албански јазик/турски јазик |
| Очекувани ефекти од обуката врз воспитно-образовната дејност во училиштето | Преку оваа обука стручните соработници ќе се обучат за заемно ангажирање. Со други зборови, преку соработка и споделено учество да ги вклучат родителите и учениците во образовниот процес.<br>Инклузивното образование се однесува на олеснување на процесите на учење и учество и создавање средини што ги помагаат. Поради тоа, клучно е стручните соработници да умеат да ги поддржат учениците да станат заедница за учење. |

| ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОБУКАТА | |
|---|---|
| Дополнителни информации (по избор на изведувачот) | Н/П |

## ПРЕТХОДНО ИСКУСТВО НА ИЗВЕДУВАЧОТ

Се наведуваат најмногу 5 одржани обуки во формалното образование

| Тема на обуката | Учесници за кои била наменета | Приближен број на учесници во обуката | Година на одржување |
|---|---|---|---|
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/стручни соработници | 32 | 2022 |
| Примена на статистички методи во истражувања | Наставници од сите циклуси на студии | 40 | 2019 |
| Однесувања поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (11, 13 и 15 години) во Република Северна Македонија | Наставници/стручни соработници | 37 | 2018 |